# „Чувајте се од оваа нечистотија која Аллах ја забранил. А оној што ќе направи неморал, нека се прекрие со Аллаховата прекривка и нека се покае кај Аллах. Зашто, оној што ќе ни ја открие својата вина – ние ќе го казниме според Аллаховиот закон.“

Абдулах бин Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, откако го каменувал човекот од племето ел-Еслем, станал и рекол: „Чувајте се од оваа нечистотија која Аллах ја забранил. А оној што ќе направи неморал, нека се прекрие со Аллаховата прекривка и нека се покае кај Аллах. Зашто, оној што ќе ни ја открие својата вина – ние ќе го казниме според Аллаховиот закон.“
[صحيح] [رواه الحاكم والبيهقي]

Абдулах бин Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, известува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, откако го каменувал Маиз бин Малик ел-Еслеми, Аллах нека е задоволен со него, за престапот зиналук/блуд, станал и им одржал говор на луѓето, велејќи: „Избегнувајте ја оваа нечистотија и сè што е одвратно и омразено од гревовите што Аллах ги забранил. А оној што ќе потклекне пред гревот и ќе стори нешто од него, треба да постапи на два начина: Прв: да се прекрие онака како што Аллах го прекрил и да не го открива неговиот престап пред луѓето. Второ: да побрза со покајување кон Аллах и да не истрајува во гревот. А оној чиј грев јавно ќе ни стане познат – врз него ќе ја спроведеме казната што Аллах ја пропишал во Неговата Книга за таквиот грев.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/58240